# “ПРОШИРУВАЊЕТО НА ФУНКЦИИТЕ НА ЦЕНТРИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ ВО НАСОКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ/ УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР”




ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА Р. МАКЕДОНИЈА

UNDP

**Приоритет на секој регион претставува економскиот развој, кој зависи од заеднички напори и придонеси од сите општествени чинители и засегнати страни како приватен сектор, општини, институции, фондации и здруженија. Кога станува збор за локалниот економски развој, создавањето на нови работни места како и обезбедувањето на поддршка за локалните бизниси и инвестиции, општините се соочуваат со многу предизвици. Заради адресирање на овие прашања, во рамките на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион беше формиран Регионален бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за малите и средни прептијатија, а неговото формирање е засноваање на одлука на Владата на Република Македонија.**

**Како дополнување на претходните активности, беа доделени дополнителни финансиски средства од Министерството за локална самоуправа со цел продожување на проектот како и имплементирање на дополнителни активности кои ќе бидат насочени кон бизнис секторот заради зголемување на капацитетот и потенцијалот на приватните компании.**

## Краток опис на проектот:

### Носител на проектот:
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

### Времетраење:
6 месеци

### Финансиран од:
- Министерство за Локална Самоуправа
- УНДП- Програма за развој на Обединетите Нации

### Цел на проектот:

Главна цел на проектот е зголемување на конкуретноста на планските региони преку поддршка на мали и средни претпријатија и на претприемништвото, што воедно е нотирано како стратешки приоритет во Програмите за развој на планските региони.

### Контакт:

Мима Станоевска
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 070 /238- 959
Тел./Факс 034/ 340-139
E-mail: mima.stanoevska@rdc.mk




### Цели на проектот:

- Креирање на бизнис инфраструктура од датабази и збирки на слободни локации за инвестирање, од каде компаниите ќе може да ги добиваат сите потребни информации и услуги;
- Воспоставување партнерство и комуникација меѓу малите и средни претпријатија, претприемачи, земјоделци и други субјекти;
- Создавање на ефикасен и ефективен амбиент на ниво на плански регион за поддршка на приватниот сектор;
- Изработка на Регионална Програма и предлог-акционен за развој и поддршка на приватен сектор во координација со другите ентитети во регионот.

### Резултати од проектот:

- Креирана е - база со податоци за институции и фирми кои нудат услуги за развој на приватниот сектор;
- Креиран е-Водич за инвеститори за планскиот регион;
- Подготвен извештај за нивото на економски развој вклучувајќи и развој на приватниот сектор
- Креирана електронска регионална датабаза за достапни “greenfield” и “brownfield” локации;
- Воспоставена комуникација со стопанските чинители од регионот во насока на поддршка и консултативни услуги;
- Изработена Регионална Програма и предлог-акционен за развој и поддршка на приватен сектор во координација со другите ентитети во регионот;
- Одржани 4 информативни средби со МСП од Југоисточниот плански регион;
- Креирана и публикувана Збирка на индустриски зони во планскиот регион;
- Завршен настан за промоција на проекните резултати.